**From:** contact <contact@avmu.mk>
**Sent:** Friday, July 16, 2021 1:53 PM
**To:** zaposta@avmu.mk
**Subject:** [Fwd: Претставка против алфа телевизија]
**Attachments:** Соопштение_Демант-Сексуалното образование да не се злоупотребува за политички маркетинг (1) (1).docx; Doc1.pdf; Претставка телевизија Алфа 16.07.2021.pdf

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 16.07.2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 03 | 10 | 1 | |

Automatically forwarded by: contact@avmu.mk
------------- original message --------------
Subject: Претставка против алфа телевизија
From:
Date: Fri, 16 Jul 2021 13:52:36 +0200
To: contact@avmu.mk

Почитувани,

во прилог ви испраќам претставка против алфа телевизија и демантот во целост како им го испративме на нив.
Ве молам за постапување.

Со почит,

HERA

--
This message has been scanned for viruses and dangerous content by **MailScanner**, and is believed to be clean.

ХЕРА

ХЕРА - Асоцијација за здравствена едукација и истражување

Од: ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување

До: Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Против: Телевизија АЛФА

Скопје, 16.07.2021

# ПРЕТСТАВКА

ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражувања ја поднесува оваа жалба против телевизија алфа, а во врска со текстот и прилогот со наслов „Сексуално образование на основците по терк на ХЕРА, од каде доаѓа Царовска“, објавен на ден 12.07.2021 година и демантот (од 19:00мин) објавен по наше испраќање на 13.07.2021.

Имено, во текстот објавен на 12.07.2021 се наведува дека сексуалното образование ќе се изучува во основните училишта според прирачникот на ХЕРА за наставници и дека родителите не биле консултирани за програмата. Во прилогот на ТВ Алфа се цитираат делови од прирачникот на ХЕРА во кој се објаснува хомосексуалноста, но не од едукативни побуди, туку со намера да се предизвика омраза и омаловажување на нехетеросексуалните лица.

Изнесените информации во текстот се лажни и му наштетуваат на угледот на нашата организација и на нејзините членови. Текстот има и намера да му наштети на процесот на вклучување на сексуалното образование како изборен предмет во 9-то оддление во наставните содржини согласно новата концепција, намерно занемарувајќи ја неговата значајност за личниот, емотивниот и психо-социјалниот развој на младите.

ХЕРА, заедно со други експерти и универзитетски професори е партнер и техничка поддршка на Бирото за развој на образованието во спроведување на пилот-програмата за сеопфатно сексуално образование во четири основни училишта во земјава.

Ако се прочита, прирачникот кој се спомнува во текстот и кој е издаден од ХЕРА во 2013 година, бил подготвен за да служи како дополнителна алатка за наставниците за реализација на предметот „Животни вештини“ во однос на теми поврзани со сексуалното и репродуктивното здравје, а не за сегашната пилот-програма за сексуално образование.

За реализација на пилот-програмата за сеопфатно сексуално образование се користат посебни прирачни материјали за наставниците кои се обучуваат. Овие материјали се во согласност со стандардите на ОН и со возраста на децата и ќе им помогнат понатаму на наставниците во реализација на програмата. Наведениот прирачник не е дел од овие материјали.

Пилот-програмата за сеопфатно сексуално образование ќе се изучува во четири основни училишта низ територијата на државата и тоа како вонучилишна активност, а не во сите основни училишта.

Родителите на децата кои учат во основните училишта каде што ќе се спроведува пилот-програмата, се запознаени со содржината на наставата. Вклученоста на учениците во следење на наставата за сексуално образование е условена со давање на родителска информирана согласност.

Воедно сакаме да истакнеме дека поврзувањето на сексуалното образование само со хомосексуалноста, но не и со другите аспекти на емоционалниот и психо-физичкиот развој, здравјето и заштитата на младите само придонесува за понатамошно ширење на говор на омраза и дискриминација кон ЛГБТИ лицата. Ова, пак, е во спротивност со стандардите за професионално известување според кои медиумите би требало да придонесат во препознавање и обезличување токму на ваквите штетни практики.

Вака објавениот текст од телевизија Алфа претставува известување кое е спротивно на Кодексот на новинари, етичките вредности и принципи и е неспорно неточно и нефер известување. Дополнително, во самиот текст се споменува ХЕРА, а ние воопшто не бевме контактирани да дадеме објаснување или мислење, како би го превенирале ширењето на лажни вести, говор на омраза и дискриминација особено кон ЛГБТИ лицата.

Целиот текст е мислење на телевизијата, а притоа воопшто не се земени во предвид вистинските факти за спроведувањето на пилот - програмата за сеопфатното сексуално образование.

Дополнително, на вака објавениот прилог испративме демант, кој воопшто не беше објавен согласно член 18 од Законот за медиуми.

Член 18 од Законот за медиуми вели дека исправката се објавува, без измени и дополнувања, на исто или соодветно место во содржината на медиумот и на ист или соодветен начин на оној на кој била објавена информацијата. Исправката не смее да биде несразмерно подолга од информацијата, односно од делот на информацијата на која се однесува. Исправката

може да се објави во изменета форма само доколку на тоа се согласи подносителот на барањето на исправката. Исправката мора да биде објавена на начин што од самиот наслов може да се види дека се работи за исправка.

Во конкретниот случај алфа телевизија нејзиниот прилог го имаше објавено како прилог во вести, но и како текст на нивната страна, а демантот кој ние го испративме го објави само како прилог на вести, а дотолку повеќе истиот не беше објавен, без измени и дополнувања. Алфа телевизија повторно со објавување на демантот ја испревртии вистината и демантот не го пренесе во целост каков што беше пратен, а со тоа повторно ширеше невистина и лажни вести.

Согласно сето погоре наведено ве молам за итно постапување.

**Демант: Сексуалното образование да не се злоупотребува за политички маркетинг**

ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражувања упатува демант на содржината на текстот со наслов „Сексуално образование на основците по терк на ХЕРА, од каде доаѓа Царовска“, објавен на телевизија Алфа на ден 12.07.2021 година.

Имено, во текстот се наведува дека сексуалното образование ќе се изучува во основните училишта според прирачникот на ХЕРА за наставници и дека родителите не биле консултирани за програмата. Во прилогот на ТВ Алфа се цитираат делови од прирачникот на ХЕРА во кој се објаснува хомосексуалноста, но не од едукативни побуди, туку со намера да се предизвика омраза и омаловажување на нехетеросексуалните лица.

Изнесените информации во текстот се лажни и му наштетуваат на угледот на нашата организација и на нејзините членови. Текстот има и намера да му наштети на процесот на вклучување на сексуалното образование како изборен предмет во 9-то одделение во наставните содржини согласно новата концепција, намерно занемарувајќи ја неговата значајност за личниот, емотивниот и психо-социјалниот развој на младите.

Партиската позадина на текстот најдобро се согледува преку намерата да се дискредитира актуелната министерка за образование Мила Царовска која дава силна поддршка за интеграција на содржини од сексуалното образование и од родовата еднаквост во наставата за основно образование. Ова не беше случај за ниту една политичка гарнитура претходно иако сексуалното образование било дел од повеќе различни предизборни програми низ годините и има добиено поддршка од низа политички партии.

А вистината е следна:

- ХЕРА, заедно со други експерти и универзитетски професори, е партнер и техничка поддршка на Бирото за развој на образованието во спроведување на пилот-програмата за сеопфатно сексуално образование во четири основни училишта во земјава;
- Ако се прочита, прирачникот кој се спомнува во текстот и кој е издаден од ХЕРА во 2013 година, бил подготвен за да служи како дополнителна алатка за наставниците за реализација на предметот „Животни вештини“ во однос на теми поврзани со сексуалното и репродуктивното здравје, а не за сегашната пилот-програма за сексуално образование;

- За реализација на пилот-програмата за сеопфатно сексуално образование се користат посебни прирачни материјали за наставниците кои се обучуваат. Овие материјали се во согласност со стандардите на ОН и со возраста на децата и ќе им помогнат понатаму на наставниците во реализација на програмата. Наведениот прирачник не е дел од овие материјали;

- Пилот-програмата за сеопфатно сексуално образование ќе се изучува во четири основни училишта низ територијата на државата и тоа како вонучилишна активност, а не во сите основни училишта;

- Родителите на децата кои учат во основните училишта каде што ќе се спроведува пилот-програмата, се запознаени со содржината на наставата. Вклученоста на учениците во следење на наставата за сексуално образование е условена со давање на родителска информирана согласност.

Поради погоре наведените факти, од телевизија Алфа бараме јавно извинување и објавување на нашиот демант. Исто така, бараме да ја почитува новинарската етика и да направи соодветна корекција на текстот за да ја извести јавноста за фактичката состојба во врска со пилотирањето на сеопфатното сексуално образование во земјата. Воедно потсетуваме дека поврзувањето на сексуалното образование само со хомосексуалноста, но не и со другите аспекти на емоционалниот и психо-физичкиот развој и на здравјето и заштитата на младите само придонесува за понатамошно ширење на говор на омраза и дискриминација кон ЛГБТИ лицата. Ова, пак, е во спротивност со стандардите за професионално известување според кои медиумите би требало да придонесат во препознавање и обезличување токму на ваквите штетни практики.

Конечно, ги повикуваме медиумите да го почитуваат Кодексот на новинари и да известуваат етички и професионално доколку навистина се стремат да ги бранат човековите права, достоинството и слободата и да ја информираат јавноста со веродостојни информации.

Почитувани,

ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражувања упатува демант на содржината на текстот со наслов „Сексуално образование на основците по терк на ХЕРА, од каде доаѓа Царовска", објавен на вашата на ден 12.07.2021 година.

Во прилог ви го испраќам целиот допис.
Се надевам на разбирање на целта на нашата реакција и исполнување на нашите барање.
Очекувајќи го вашиот одговор, ве поздравувам.

Со почит,